# ВИДОВИ ТАКТОВИ

## НЕРАМНОДЕЛЕН 5/8такт

- Новата наставна содржина за Видови тактови и нерамноделен 5/8 такт е во учебникот на страна 66,67и 68.

- **Да се потсетиме:**

Такт е мал дел од музичка композиција која содржи силни (нагласени) и слаби (ненгласени) тектови делови (времиња).

- Постојат два вида на тактови и тоа:
    - рамноделни
    - нерамноделни

- Кај РАМНОДЕЛНИТЕ тактови сите времиња се исти по должина

- **Активност за рамноделен такт на страна 66:**

- Изговори го текстот од вежбата ритмички точно и со правилен акцент на зборовите „Тивка вечер звезди сјаат“ (секое време е по еден удар)

## Нерамноделен 5/8 такт:

- Кај НЕРАМНОДЕЛНИТЕ тактови едното време е подолго од другите.

- Нерамноделниот 5/8 такт се состои од 2 времиња од кои едното време е подолго од другото.

- основна тактова мера во 5/8 такт е осмина нота ( во едното време има 3 осмини ноти а во другото 2 осмини ноти ).

## ▶Активност за нерамноделен такт на страна 67 :

- Изговори го текстот од вежбата и тактирај на два удара со правилен акцент на зборовите

- Ми-ли де-чи-ња, штр-кот до-ле-та
  но-вост до-не-се, дој-де про-ле-та

(првото време е 2 осмини и е пократко а
второто време е 3 осмини и е подолго)

## **ЗА ДОМАШНО:**

- Препиши ги мелодиските вежби бр.1 и бр.2 на страна 68 од учебникот и одоздола напиши ги имињата на тоновите и обиди се да ги испееш.

- Домашното да ми биде пратено на facebook во порака.

- **- За учениците кои не ги сработуваат домашните задачи следните оценките ке ги добијата слаби!**